Планските опфати се дефинирани со Урбанистички планови за село, Урбанистички

планови вон населено место и други вид на урбанистичко планска документација и ошти акти на подрачјето на КО Ново Село, КО Волково, КО Кисела Јабука и КО Стопански Двор, КО Орман, КО Кучково, КО Никиштане и КО Грачани.

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјите за точка 1 од табелата изнесува 600,00 денари, за точка 2,3,4,5 и 6 од табелата изнесува 900,00 денари.

**Член6**

Надоместокот се плаќа еднократно во целост.

Доколку надоместокот го плаќа правно лице и е повисок од 1.000.000,оо денари, може да се плаќа одложено со тоа што 30% од вредноста да се плати веднаш, а остатокот од 70% да се плати на 5 еднакви месечни рати за што е потребно да се достави банкарска гаранција.

Доколку надоместокот го плаќа физичко лице и истиот е над 100.000,оо денари, може да се плаќа одложено со тоа што 30% од вредноста треба да плати веднаш, а остатокот од 70% да го плати на 5 еднакви месечни рати при што договорот од член 2 на Одлуката ќе се солимизира кај надлежен нотар при што ќе содржи извршна клаузула. Трошоците за нотарска заверка се на терет на инвеститорот.

**Член7**

Средствата собрани од локалниот надоместок се користат за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште.

**Член8**

Одобрението за градење инвеститорот ќе го добие откако ќе достави потпишан и заверен договор од двете договорни страни.

**Член9**

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за воведување на комунална такса за градежно неизградено земјиште за населените места на територија на Општина Ѓорче Петров бр.07-461/3 од 25.04.2001 година, Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за воведување на комунална такса за градежно неизградено земјиште за населените места на територија на Општина Ѓорче Петров бр.07-992/5 од 23.05.2006 година и Одлуката за измени и дополнување на Одлуката бр.07-935/6 од 15.04.2011 година.

**Член10**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров " .

**Број 08-479/5**
**Од 23.02.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Гоце Петрески** с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Правилник за условите, начинот и постапката за распределба и доделување на средства за поддршка на спортски манифестации, спортски клубови и спортисти**

Се објавува Правилникот за условите, начинот и постапката за распределба и доделување на средства за поддршка на спортски манифестации, спортски клубови и спортисти, што Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои на Четериесет и шестата седница на Советот, одржана на ден 23.02.2016 година.

**Број 09-526/4**
**од 23.02.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.05/02) и член 24 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Скопје-Пречистен текст ("Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров-Скопје " бр.18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 46-тата седница, одржана на ден 23.02.2016 година донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА И ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИКИ СРЕДСТВА ЗА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ, СПОРТСКИ КЛУБОВИ И СПОРТИСТИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник Општина Ѓорче Петров ги регулира условите, начинот и постапката за распределба и доделување на финансиски средства за поддршка на спортски манифестации, спортски клубови и спортисти, согласно законските и подзаконските акти, а во рамки на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладинот сектор, предвидени во Буџетот на Општината.

**Член 2**

Распределбата и доделувањето на финасиски средства за поддршка на спортски манифестации, спортски клубови и спортисти од член 1 ќе се врши на физички лица и правни лица врз основа на објавен Јавен повик.

**Член 3**

Физички лица и правни лица кои ќе поднесат Пријава за распределба и доделување на финансиски средства за поддршка на спортски манифестации, спортски клубови и спортисти, должни се да ги наведат причините и намената за кои ги бараат средствата.

**Член 4**

Општина Ѓорче Петров во рамки на нејзините можности, односно расположиви финансики средства, ќе врши распределба и доделување на средства за поддршка на спортски манифестации, спортски клубови и спортисти, кои се совпаѓаат со целите во Програмата од областа на спортот и рекреацијата, во насока на:

**А. Создавање услови за настапи во земјата и во странство на истакнати спортисти и на млади спортски надежи од Општината, преку распределба и доделување на еднократна парична помош за поддршка на следните категори на спортисти:**

- млади талентирани спортисти кои се занимаваат со индивидуални спортови;
- млади талентирани спортисти кои се занимаваат со колективни спортови;
- професионални (врвни) спортисти кои се занимаваат со индивидуални спортови;
- професионални ( врвни ) спортисти кои се занимаваат со колективни спортови;

**Б. Зголемување на опфатот на спортските клубови, обезбедувајќи услови за подобра организациска поставеност, вклучување во систем на натпревари, создавање услови за настапи во земјата и во странство, преку еднократна парична помош за поддршка на спортски клубови и тоа:**

- на спортски клубови од младински категории кои се занимаваат со индивидуални спортови;
- на спортски клубови од младински категории кои се занимаваат со колективни спортови ;
- на професионални клубови кои се занимаваат со индивидуални спортови;
- на професионални клубови кои се занимаваат со колективни спортови;
- на аматерски клубови кои се занимаваат со индивидуални спортови;
- на аматерски клубови кои се занимаваат со колективни спортови;

**В. Поддршка на невладини организации од областа на спортот кои даваат свој придонес за развој и афирмирање на спортот и рекреацијата во Општината, а ги исполнуваат целите предвидени во програмата за спорт и рекреација, преку доделување на парична помош и тоа :**

- на организации или сојузи кои се занимаваат со организирање на системи на натпревари на општинско ниво.
- на организации кои се занимаваат со организирање на традиционални спортски натпревари и манифестации од локален, национален и меѓународен карактер
- на организации кои се занимаваат со спортско-рекреативни активности ( меморијални и традиционални турнири)
- на организации кои се занимаваат со спортско-рекреативни активности на лица со посебни потреби
- на организации кои се занимаваат со едукации за превентива на девијантни, штетни појави во спортот

## II. НАЧИН, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА РАСПРЕДЕЛБА И ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ, СПОРТСКИ КЛУБОВИ И СПОРТИСТИ

### Член 5

Распределба и доделување на финансиски средства за поддршка на спортски манифестации, спортски клубови и спортисти се врши со објавување на Јавен Повик.

На Јавен Повик можат да пријават учество сите домашни и странски правни и физички лица кои дејсвуваат на територија на Општина Ѓорче Петров, под услови утврдени со закон и овој Правилник.

Јавниот Повик се објавува од страна на Комисијата за распределба и доделување на финансиски средства за поддршка на спортски манифестации, спортски клубови и спортисти и тоа во најмалку еден печатен медиум за јавно информирање и на WEB страната на Општината.

Рокот за пријавување изнесува 10 дена од денот на објавата на Јавен Повик, а *се објавува во почетокот на тековната година*.

### Член 6

Потребната документација за учество на Јавен Повик се доставува по пошта или во архивата на Општината.

Пријавата *може да се подигне во Архивата на Општина Ѓорче Петров или од официјалната веб страница на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.* и документацијата *како и предлог програмите и проектите со финансиската конструкција,* се доставуваат во затворен плик со ознака „ не отварај" и со назнака „за Јавен повик за доделувањето и распределба финасиски средства за поддршка на спортски манифестации, спортски клубови и спортисти и број на Јавниот повик.

Пликот не смее да содржи никаква ознака која би можела да го идентификува понудувачот.

Пријавата се доставува во еден оригинален примерок, кој треба да биде потпишан и заверен од одговорното лице или физичкото лице.

### Член 7

Пристигнатите пријави ги отвара и разгледува Комисијата без присуство на учесниците на повикот.

Некомплетните и ненавремено доставените пријави Комисијата нема да ги разгледува и за истото ги известува учесниците на повикот .

Учесниците на повик имаат право на приговор во врска со спроведување на постапката по јавниот повик од страна на Комисијата, во рок од 3 (три) дена сметано од денот по приемот на известувањето.

Приговорот се поднесува преку Комисијата до Градоначалникот на Општината.

Решението на Градоначалникот по приговорот е конечно.

**Член 8**

За донесување на конечна одлука и склучување на евентуален договор со учесниците на Јавниот повик на кои треба да им биде доделено финансиски средства одлучува Градоначаникот на Општината.

## III. КОМИСИЈА ЗА РАСПРЕДЕЛБА И ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ, СПОРТСКИ КЛУБОВИ И СПОРТИСТИ

**Член 9**

Постапката за распределба и доделување на финансики средства за поддршка на спортски манифестации, спортски клубови и спортисти ја спроведува Комисијата за распределба и доделување на финансиски средства за поддршка на спортски манифестации, спортски клубови и спортисти, согласно овој Правилник.

Комисијата за распределба и доделување на финансиски средства за поддршка на спортски манифестации, спортски клубови и спортисти ја формира Градоначалникот.

Комисијата е составена од три члена и три заменици членови кои се од редот на општинската администрација и истата е надлежна за:

- објавување Јавен Повик за распределба и доделување на средства за поддршка на спортски манифестации, спортски клубови и спортисти;
- спроведување на постапката за распределба и доделување на финансиски средства за поддршка на спортски манифестации, спортски клубови и спортисти согласно овој Правилник;
- разгледување на пристигнатите Пријави;
- утврдување на предлог листа на кандидати кои ги исполнуваат условите за распределба и доделување на финансиски сретства, согласно утврдените критериуми и ја доставува до Градоначалникот;
- утврдување на висината на финасиските средства за распределба и доделување за поддршка на спортски манифестации, спортски клубови и спортисти, согласно Правилникот;
- утврдување на содржината на Јавниот повик и потребната документација;
- информирање на учесниците на јавниот повик за спроведената постапка.

**Член 10**

Комисијата работи на седници што ги свикува и со кои раководи претсетателот на комисијата кој се грижи за правилно и законито работење на истата.

За текот на седницата на Комисијата и за донесените одлуки се води Записник на кој се потпишуваат претседателот сите присутни членови на Комисијата.

## IV. УТВРДУВЊЕ НА ВИСИНАТА И РАСПРЕДЕЛБА И ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ, СПОРТСКИ КЛУБОВИ И СПОРТИСТИ

### Член 11

Висината на финасиските средства кои се распоредуваат за поддршка на спортисти ќе зависи од приложените документи, постигнати резултати, рангот на натпреварување, бројот на натпревари и други елементи, а ќе се додели на следните категории :

- млади талентирани спортисти *кои се занимаваат со* индивидуални спортови им се доделуваа парична помош до 10.000,оо денари
- млади талентирани спортисти *кои се занимаваат со* колективни спортови им се доделуваа парична помош до 6.000,оо денари
- на професионални (врвни) спортисти *кои се занимаваат* со индивидуални спортови им се доделуваа парична помош до 10.000,оо денари
- на професионални (врвни) спортисти *кои се занимаваат* со колективни спортови им се доделуваа парична помош до 6.000,оо денари

### Член 12

Висината на финасиските средства кои се распоредуваат за поддршка на спортски клубови ќе зависи од приложените документи, постигнати резултати, рангот на натпреварување, бројот на натпревари и други елементи, а ќе се додели на следните категории:

- спортски клубови *кои се дел од* младински категории и *кои се занимаваат* со индивидуални спортови им се доделува парична помош до 15.000,оо денари
- спортски клубови *кои се дел од* младински категории и *кои се занимаваат* со колективни спортови им се доделува парична помош до 20.000,оо денари
- професионални клубови *кои се занимаваат* со индивидуални спортови им се доделуваа парична помош до 15.000,оо денари
- професионални клубови *кои се занимаваат* со колективни спортови им се доделуваа парична помош до 20.000,оо денари
- аматерски клубови *кои се занимаваат* со индивидуални спортови им се доделува парична помош до 15.000,оо денари
- аматерски клубови *кои се занимаваат* со колективни спортови им се доделува парична помош до 20.000,оо денари

### Член 13

Висината на финансиска поддршка која би се доделила на невладини организации и фондации кои дејствуваат и придонесуваат за афирмирање на Општината во областа на спортот се одредува според доставена програма, а согласно утврдените критериуми односно согласно општите критериуми и бодирањето за распределба и доделување на средства за проекти и поддршка на спортски манифестации, спортски клубови и спортисти дедени, во рамката на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор.

## V. ОБЛАСТИ, КРИТЕРИУМИ И НАЧИН НА БОДИРАЊЕ

### Член 14

Средствата за финансирање на јавниот интерес во спортот се обезбедуваат со Буџетот на Општина Ѓорче Петров и се утврдуваат со годишна Програма во следните области:

- Невладини организации ( традиционални и меморијални турнири,трибини, хепенинзи, манифестации, едукации...);
- Спортски клубови;
- Спортисти.

### Член 15

Општина Ѓорче Петров преку невладини организации секогаш ќе поддржува спортски манифестации кои во иднина ќе придонесат за популаризација на спортот и достојно претставување на можностите и потенцијалите на Општина Ѓорче Петров за организација на различен тип на манифестации.

### Член 16

Критериуми врз кои се врши распределба и доделување на средствата за невладини организации (традиционални и меморијални турнири,трибини, хепенинзи, манифестации, едукации...) се:

А. Статус и категорија на манифестацијата (во завискост од тоа дали апликантот е од интернационален, државен, локален или градски карактер);

Б. Број на учесници во активностите или манифестациите;

В. Тип на манифестацијата во зависноост од локацијата и интересот;

Г. Искуството и стручноста на Апликантот за спроведување на активностите;

Д. Реализирани досегашни манифестации.

### Член 17

Распределбата на средствата на Невладини организации ( традиционални и меморијални турнири,трибини, хепенинзи, манифестации, едукации...) се одредува врз основа на бодовна листа дадена во табелата:

| **Бодовна листа наменета за оценување на пристигнатите пријави од јавниот повик за распределување на буџетски сретства од Програмата** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Назив на спортскиот субјект - предлагач:** | | | | |
| **Име на програмската активност:** | | | | |
| **А.** | **Статус и категорија на манифестацијата** | **Бодови** | **Вкупно бодови** | **Забелешка** |
| 1 | Од интернационален карактер | 30 | | |
| 2 | Од регионален карактер | 20 | | |
| 3 | Од државен карактер | 15 | | |
| 4 | Од локален карактер | 10 | | |

| Б. | Број на учесници на манифестацијата | Бодови | Вкупно бодови | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Над 800 учесници | 30 | | |
| 2 | Од 500 до 800 учесници | 20 | | |
| 3 | Од 200 до 500 учесници | 10 | | |
| 4 | Под 200 учесници | 5 | | |
| **В.** | **Тип на манифестацијата во зависност од локацијата и интересот** | **Бодови** | **Вкупно бодови** | **Забелешка** |
| 1 | Манифестацијата се реализира *( од ѓорче во ѓорче)* | 15 | | |
| 2 | реализира *( од ѓорче во ѓорче) ( од надвор од ѓорче во ѓорче)* | 10 | | |
| 3 | реализира *( од ѓорче во ѓорче) (од ѓорче надвор од ѓорче* | 5 | | |
| **Г.** | **Искуството и стручноста** на апликантот | **Бодови** | **Вкупно бодови** | **Забелешка** |
| 1. | Високо образование и повеке од 4 годишно искуство | 15 | | |
| 2. | Средно образование и повеке од 4 годишно искуство | 10 | | |
| 3. | Високо образование и помалце од 4 годишно искуство | 7 | | |
| 4. | Средно образование и помалце од 4 годишно искуство | 5 | | |
| **Д.** | **Реализирани досегашни манифестации** | **Бодови** | **Вкупно бодови** | **Забелешка** |
| 1. | Од интернационален карактер | 10 | | |
| 2. | Од регионален карактер | 8 | | |
| 3. | Од државен карактер | 6 | | |
| 4. | Од локален карактер | 4 | | |
| | **Вкупно освоени бодови:** | | | |

**Член 18**

Општина Ѓорче Петров ќе финансира реализирање на посебни програми за создавање услови за спроведување спортски активности на спортски клубови и спортисти.

**Член 19**

Критериуми врз кои се врши распределба и доделување на сретства за спортски клубови и спортисти се следните:

А. Статус и категорија ( во каков систем на натпревари учествуваат);

Б. Број на натпревари ( вкупниот број на натпреварите за учество на првенства или турнири);

В. Искуството на апликантот во систем на натпреварување;
Г. Остварени спортски резултати (признаени дипоми и признанија од систем на натпреварување).

**Член 20**

Распределбата на средствата на спортски клубови и спортисти се одредува врз основа на бодовна листа дадена во табелата:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Бодовна листа наменета за оценување на пристигнатите пријави од јавниот повик за распределување на буџетски сретства од Програмата** | | | | |
| **Назив на спортскиот субјект - предлагач:** | | | | |
| **Име на програмската активност:** | | | | |
| **А.** | **Статус и категорија на натпреварот** | **Бодови** | **Вкупно бодови** | **Забелешка** |
| 1 | Во систем со интернационален карактер | 30 | | |
| 2 | Во систем со регионален карактер | 20 | | |
| 3 | Во систем со државен карактер | 15 | | |
| 4 | Во систем со градски карактер | 10 | | |
| **Б.** | **Број на натпревари** | **Бодови** | **Вкупно бодови** | **Забелешка** |
| 1 | Над 15 натпревари | 30 | | |
| 2 | Од 10 до 15 натпревари | 20 | | |
| 3 | Под 10 натпревари | 10 | | |
| **Г.** | **Искуството** на апликантот во систем на натпревари | **Бодови** | **Вкупно бодови** | **Забелешка** |
| 1. | повеке од 4 годишно искуство | 10 | | |
| 2. | помалце од 4 годишно искуство | 5 | | |
| **Д.** | **Остварени спортски резултати** | **Бодови** | **Вкупно бодови** | **Забелешка** |
| 1. | Во систем со **интернационален** карактер | 20 | | |
| | За освоено прво место | 20 | | |
| | За освоено второ место | 19 | | |
| | За освоено трето место | 18 | | |
| 2. | Во систем со **регионален** карактер | 17 | | |
| | За освоено прво место | 17 | | |
| | За освоено второ место | 16 | | |
| | За освоено трето место | 15 | | |
| 3. | Во систем со **државен** карактер | 14 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | За освоено прво место | 14 | | |
| | За освоено второ место | 13 | | |
| | За освоено трето место | 12 | | |
| 4. | За освоено прво место во систем со **градски** карактер | 11 | | |
| | **Вкупно освоени бодови:** | | | |

**Член 21**

Општина Ѓорче Петров согласно Програмата за спорт и рекреација, во рамки на расположивите финансиски средства може да финансира спортски манифестации, спортски клубови и спортисти, кои не се опфатени со јавниот повик, а со својата актуелност, атрактивност, значење и квалитет, тековно низ целата година и по повод Празникот на општината, придонесуваат за развојот на спортот и ја афирмираат Општината.

За распределба и доделување на овие финансиски средства, одлучува Градоначалникот по предлог на Комисијата за распределба и доделување на финансиски средства за поддршка на спортски манифестации, спортски клубови и спортисти, согласно овој Правилник.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 22**

Правилникот стапува на сила осум дена од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-479/6**
**Од 23.02.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Акциски План на Комисијата за еднакви можности на Општина Ѓорче Петров за 2016 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Акцискиот План на Комисијата за еднакви можности на Општина Ѓорче Петров за 2016 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои на Четериесет и шестата седница на Советот, одржана на ден 23.02.2016 година.

**Број 09-526/5**
**од 23.02.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална смаоуправа („Службен Весник на РМ" бр. 5/02), член 14 став 1 од Законот за еднакви можности на мажите и жените („Службен Весник на РМ" бр.6/12, 166/14, 150/15) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник на РМ" бр. 18/13),Советот на Општина Ѓорче Петров на 46-тата седница одржана на ден 23.02.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Акциски План на Комисијата за еднакви можности на Општина Ѓорче Петров за 2016 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Акцискиот План на Комисијата за еднакви можности на Општина Ѓорче Петров за 2016 година.

Акцискиот План на Комисијата за еднакви можности на Општина Ѓорче Петров за 2016 година е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Акцискиот План од член 1 на оваа Одлука претставува едногодишен акциски план за спроведување на Програмата на Општина Ѓорче Петров во областа на еднаквите можности на жените и мажите во 2016 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-479/7** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 23.02.2016 година** **Претседател,**
**Скопје** **Гоце Петрески с.р.**

# Акциски План на Комисијата за еднакви можности на Општина Ѓорче Петров за 2016 година

| **Под-програма:** | | **Воведување на родов пристап во креирање политики** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Ресурси*** | |
| | | | | | ***Човечки*** | ***Финансиски*** |
| Обуки за родова интегрција на вработените и советот на ОЃП | КЕМ | 40 часа менторирање на вработените и советниците од советот на ОЃП, кои ќе се одржат во ОЃП. | Градење на капацитети за РОП и РОБ | 2016 | КЕМ Совет на ОЃП | ОН Жени преку менторска програма и МТСП твининг програма |
| Воведување на механизам за задолжителни редовни консултативни средби со жените од општината | Одделение за поддршка на градоначалникот | 12 средби во сите МЗ и УЗ со членовите на Комисијата и група на жени на територијата на општинта од сите Месни и Урбани заедници зарди резгледување на релевантните потреби и проблеми на мажите и жените од Општината | Прибирање информации за приоритетни проблеми / потреби на жените и мажите и креирање на локални политики | 2016 | Одделение за поддр-шка на градоначалникот КЕМ Совет на ОЃП | **Буџет на ОЃП 20.000.00 денари**<br><br>10.000,00- други договорни услуги<br><br>5.000,00- други Материјали<br><br>5.000,00-прехрамбени продукти и пијалоци |
| Воведување на механизам за обезбедување родово разделени податоци во програмите и | КЕМ | Поставување на листа на индикатори за постигнување на родова еднаквост<br>Воспоставување на динамика на собирање на податоците и алатки за собирање на податоците | Да се обезбеди редовно ажурирање и анализа на родово разделената статистика и | 2016 | КЕМ Совет на ОЃП | ОН Жени преку менторска програма<br><br>**Буџет на ОЃП 9.000,00 денари** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| извештаите кои се разгледуваат од советот | | Воведување на родова перспектива во формуларите за доделување на помош / средства и известување<br>Работилница за родово одговорни индикатори | информации како основа за следење и планирање мерки | | | 5.000,00-други договорни услуги,<br><br>2.000,00-Други материјали,<br><br>2.000,00-прехрамбени продукти и пијалоци |
| Воведување на родов пристап во креирање политики и буџети | КЕМ | Работилници за родова анализа, родово одговорно буџетирање<br>Родова анализа на програмите на ОЃП<br>Развој на родово одговорни мерки<br>Развој на родово одговорен буџет | Да се креираат родово одговорни политики и буџети | 2016 | КЕМ<br>Ментор<br>Совет | ОН Жени преку менторска програма |
| **Под-програма:** | | **Зголемување на учеството на жените и мажите во донесувањето на одлуки и пристапот до ресурси во ОЃП** | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Ресурси*** | |
| | | | | | ***Човечки*** | ***Финансиски*** |
| Зголемување на бројот на жени на раководни функции | Одделение за поддршка на градоначалникот, Совет на ОЃП и КЕМ | Анализа на состојбата<br>Анализа зошто има помалку жени на раководни функции<br>Измена на критериуми за назначување<br>Кампања за подигање на свест<br>Номинирање на жени на | Да се зголеми пристапот на жени до ресурсите | 2016 | КЕМ<br>Совет<br>Градоначалник на ОЃП | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | раководни функции | | | | |
| Воспоставување на критериум за доделување на социјална помош | КЕМ и комисија за социјална заштита | Анализа за родовиот баланс при доделување на социјална помош<br>Утврдување на пречките за родов баланс<br>Воспоставување критериуми за родов баланс при доделување на социјална помош<br>Следење и евалуација на спроведувањето на критериумите | Да се обезбеди одржливо решените за остварување еднаков пристап на жените и мажите до мерките и ресурсите предвидени со програмите во областа на поддршка на социјално загрозеното население | 2016 | КЕМ<br>Комисија за социјал-на заштита<br>Евалуа-тор | **Буџет на ОЃП 8.000,00 МКД**<br><br>3.000,00-Други договорни услуги,<br><br>3.000,00-Други материјали,<br><br>2.000,00-прехрамбени продукти и пијалоци |
| Промоција на активни мерки за вработување | КЕМ | 10 (дебати, трибини и работилници) со социјално загрозени жени (самохрани мајки, невработени жени, социјални случаи) | Да се унапреди економската активност кај жените | 2016 | КЕМ<br>АВРМ<br>ЦСР | **Буџет на ОЃП 50.000,00МКД**<br><br>15.000,00-други договорни услуги,<br><br>15.000,00-Други материјали,<br><br>20.000,00-прехрамбени продукти и пијалоци |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Размена на искуства со збратимени општини | КЕМ<br>Одделение за поддршка на работите на градоначалникот | Две средби годишно со Комисијата за еднакви можности од Општина Боговиње и Струмица<br>Размена на искуства во област родова рамноправност | Да се разменат искуства | 2016 | КЕМ | **Буџет на ОЃП 15.000,00 МКД**<br><br>5.000,00-други договорни услуги,<br><br>5.000,00-Други материјали,<br><br>5.000,00-прехрамбени продукти и пијалоци |
| **Под-програма:** | | **Зголемување на свест за и промоција на женски права во ОЃП** | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Ресурси*** | |
| | | | | | ***Човечки*** | ***Финансиски*** |
| МАРТ месец на женски права - Манифестација за промоцијана женските права | КЕМ и Одделение за поддршка на градоначалникот | Развивање на концепт на манифестација<br>Дефинирање на чинители, партнери<br>Организација и оддржување на манифестација<br>Детски ликовен конкурс на тема родова еднаквост и родови стереотипи (6-13 години)<br>Децата од 6 те основни училишта од прво до девето одд. Ќе цртаат и достават цртежи кои ќе се | Да се подигне свеста за женските човекови права | 2016 | КЕМ | **Буџет на ОЃП 20.000,00 МКД**<br><br>10.000,00-други договорни услуги,<br><br>5.000,00-Други материјали,<br><br>5.000,00-прехрамбени продукти и пијалоци |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | оценуваат од КЕМ<br>КЕМ ќе номинира цртежи за трите награди од прво второ и трето место.<br>На 8 Ми март во Културниот дом ќе се организира изложба на цртежи, и доделување на награди од Градоначалникот на ОЃП | | | | |
| Трибина за семејно насилство во ОЃП | КЕМ | | Да се подигне свеста за феноменологија на семејно насилство и заштитни мехаизми | 2016 | КЕМ | **Буџет на ОЃП 15.000,00 МКД**<br><br>5.000,00-други договорни услуги,<br><br>5.000,00-Други материјали,<br><br>5.000,00-прехрамбени продукти и пијалоци |
| **ВКУПНО:** | | | | | | **137.000,00 МКД** |

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства на ФК Македонија**

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства на ФК Македонија, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесет и шестата седница на Советот, одржана на ден 23.02.2016 година.

**Број 09-526/6**
**од 23.02.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 22-а став 1 алинеа 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за спорт (Службен Весник на Р.М. бр. 66/2004 и 18/2011), 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Одлуката за извршување на Буџетот на Општина на Ѓорче Петров за 2016 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.14/2015), Советот на Општина Ѓорче Петров на 46-тата Седница одржана на ден 23.02.2016 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за доделување на финансиски средства на ФК Македонија**

**Член 1**

На Товар на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2016 година - Л0 Спорт и рекреација- позиција 463120 - Трансфер до спортски клубови, на ФК „Македонија -Ѓорче Петров 1932"АД, се доделува износ од 83.295,00 денари, како финасиска подршка за покривање на трошоци за натпреварување во Втора македонска фудбалска лига.

**Член 2**

Средствата да се уплатат на име ФК „Македонија Ѓорче Петров 1932" АД, на сметка број 280104101997268, Алфа Банка а.д.-Скопје.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-479/8**
**од 23.02.2016 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Гоце Петрески с.р.**